Во рамки на остварување на основните цели и задачи на Програмата за развој на културата за 2022 година во Општина Аеродром, а врз основа на нејзините надлежности како единица на локалната самоуправа, Општина Аеродром и во текот на 2022 година ќе продолжи со натамошни активности за создавање на потребните услови за изградба на повеќе спомен-обележја и културни објекти на нејзиното подрачје, како и нивно одржување.

2. **Корисници**

Корисници на оваа поддршка се жителите на Општина Аеродром.

3. **Мерки**

Општина Аеродром во насока на подобрување на културниот живот и на урбаниот лик на општината, во рамки на своите можности, може да презема активности, кои подразбираат одбележување на настани и личности преку преземање активности за поставување спомен-обележја, нивно одржување, како и прибирање податоци заради евидентирање на поставени спомен-обележја од локално значење на територијата на Општината.

- *На 18-ти Мај со положување свежо цвеќе на спомен обележјето на Јане Сандански* во истоимениот парк ќе се одбележи 150-годишнината од раѓањето на овој голем македонски револуционер.
- *Општината води Регистар на спомен обележјата*, согласно Правилникот за содржината и начинот на водењето на Регистрите на меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на РМ“ број 106/2005) и Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на РМ“ број 66/2004, 89/2008 и 152/2015).

4. **Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на Програмата за поддршка на културата на Општина Аеродром за 2022 година, ќе се спроведе од страна на Општина Аеродром, преку Секторот за образование, спорт, култура и заштита и Одделение за односи со јавност.

**III. По поднесено барање, по утврдена потреба или од интерес на општината, оваа предлог програма може да се менува и дополнува со активности во текот на целата 2022 година.**

Претседател на Совет<br>на Општина Аеродром<br>Дејан Митески с.р.

Број 09-472/12 од 31.12.2021 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) и член 52 став 1 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 20/2012, 21/2014, 23/2014, 4/2019), Градоначалникот на Општина Аеродром, донесе

## РЕШЕНИЕ

за објавување на Пограма за планирани активности од областа на образованието во ОА за 2022 година

Се објавува Пограма за планирани активности од обласота на бразованието во ОА за 2022 година, донесена на четвртата седница одржана на ден 30.12.2021 година.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Тимчо Муцунски с.р.

Број 08-9260/1 од 31.12.2021 година

**ПРОГРАМА**
**ЗА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2022 ГОДИНА**

Програмата за планираните активности од областа на образованието во Општина Аеродром за 2022 година, има за цел:

- подобрување и планирање на развојот на образовниот процес,
- подобрување на условите за вршење на образовниот процес и инфраструктурата,
- создавање услови за развој на квалитетен воспитно-образовен процес,
- изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
- подобрување на професионализмот и ефективноста на вработените во училиштата,
- задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието.

Општина Аеродром, оваа програма ќе ја реализира во рамки на можностите и расположливите средства во Буџетот на општината за конкретните намени.

Согласно законските прописи, Општина Аеродром во 2022 година овие активности ќе ги остварува преку соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и основните училишта на нејзина територија.

Оваа програма ќе се спроведува во текот на 2022 година.

## I. Еднократен паричен надомест на родители за ученици во прво одделение

### 1. Цел

Општината ќе обезбеди еднократен паричен надоместок од 3.500,00 денари за секое прваче во основните училишта на територијата на Општина Аеродром.

Основна цел на оваа активности е да се придонесе за олеснување на трошоците на семејствата на подрачјето на општината, кои имаат деца во основно училиште.

### 2. Корисници

Корисници на еднократна парична помош за секое прваче се семејства со прваче на Општина Аеродром, кои го запишале првачето во основното училиште на територија на Општина Аеродром во учебната 2022/2023 година и барем еден од родителите е жител на Општина Аеродром.

### 3. Мерки

Барателите при поднесување на барањето (образецот) до Општина Аеродром, треба да приложат уредна документација на увид, со која ќе го потврдат запишувањето на првачето, сродството (родителство) со првачето и територијалната припадност на Општина Аеродром. Кон Барањето потребни документи кои ќе бидат потребни да се поднесат се: Потврда за запишан ученик